

Општина Охрид

# ДВЕ ГОДИНИ ПРОМЕНИ 2023

Кирил Пецаков
Градоначалник

# Драги сограѓани,

Принципот на отвореност и транспарентност се главните темели на кои почива една општина и се клучен фактор за одговорно управување, легитимно и ефикасно работење. Иако оваа локална власт покажа висок степен на отчетност пред граѓаните и секојдневно споделува информации за сите активности, во интерес на јавноста, сметавме дека потребно да направиме еден краток осврт на сето она кое успеавме да го реалираме во текот на изминатите две години, во насока на подобрување на условите за живеење во нашиот Охрид.

Со голем ангажман и домаќинско работење, секојдневно ја оправдуваме довербата која ни е доверена и убеден сум дека на наредниот осврт за сработените активности ќе презентираме многу поголеми проекти, ќе имаме одблокирана сметка и ќе ја  прикажеме финансиската сатабилност на Општинскиот буџет, на која посветено работиме. Како и до сега, остануваме отворени за соработка и во служба на интересите на граѓаните.



Кирил Пецаков

Градоначалник

# Содржина


| | |
|---|---|
| РАЗВОЈ НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | 04 |
| ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА | 10 |
| ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | 14 |
| СРЕДНИ УЧИЛИШТА | 16 |
| ПОДДРШКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ | 18 |
| МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА | 19 |
| СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА | 20 |
| СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ | 22 |
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | 26 |
| КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ | 28 |
| ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 34 |
| ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | 40 |

# РАЗВОЈ НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Одржувањето и обновувањето на сообраќајната и комуналната инфраструктура е еден од нашите најважни приоритети. Од Подмоље до Пештани, Велгошти, Лескоец, приградските населби и Централното градско подрачје. Речиси и да не постои дел од територијата на Општина Охрид каде немаме реализирано активности за асфалтирање, како и поставување на нови водоводни и канализациони линии. Поставивме нов асфалт на повеќе од 20 улици и краци од улици.



КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- Санација на потпорни ѕидови
- Во населба „Кошишта“ на улиците „Кирил и Методиј“, „Андон Дуков“ и „Вардар“.
- Во населба „Месокастро“ на улиците „Димче Маленко“ и „Нада Филева“.
- Во населба „Варош“ на улиците „Илинденска“, „Климентов Универзитет“, „Кочо Рацин“ и „Рашанец“.
- Во населба „Канео“ на улица „Кочо Рацин“.
- Пристапна патека во село Сирула
- Партерно уредување на улица „Бранко Шотра“
- Партерно уредување на улица „Кочо Рацин“
- Нова водоводна линија на улица „Македонски Простветители“
- Нов цевковод во село Шипокно
- Реконструкција на водоводна линија на улица „Ѓорче Петров“
- Нова водоводна линија на улица „Ирина Мирка Гинова“
- Нова фекална канализација на улиците „Будва“ и „Винковачка“
- Нова фекална канлизација на дел од улиците „Живко Чинго“; „Сирма Војвода“; „Дејан Војвода“; „Ариф Мустафа“; Лескоец и Велгошти.
- Иградени и реконструирани 18 детски и спортски повеќе-наменски игралишта.
- Во населбите „Далјан“, „Рача“, „Гоце Делчев“ и „Лагадин“
- На улиците „Крали Марко“, „Јане Сандански“, „Даме Груев“, „Карпош Војвода“
- Во селата Пештани, Подмоље, Долно, Елшани, Горно Лакочереј и Косел,
- Во ООУ „Живко Чинго“ во Велгошти, во ООУ „Свети Климент Охридски“, ООУ „Братство“-Лескајца, во ООУ „Христо Узунов“



Успеавме да  решиме долгогодишни проблеми на граѓаните. Ги реконструиравме и асфалтиравме улиците:

- „Јордан Мијалков“
- „Марко Цепенков“,
- „Прилепска“,
- „Ирина Мирка Гинова“,
- „Будва“,
- „Ѓорче Петров“,
- „Сатеска“
- „Момчило Јорданоски“,
- 3 краци од улица „Даме Груев“,
- „28-ми Април“,
- Градежните активности на булеварот „Македонски Просветители“ се пред самиот крај, со што Охрид доби автентична сообраќајница која е во согласност со градската архитектура во заштитениот дел на градот.
- Голем проект на кој посветено работиме е реконструкцијата на улицата „7ми Ноември“, каде што покрај коловозните ленти се уредуваат пешачки и велосипедски патеки и се поставува нова атмосферска канализација. И оваа година продолживме со преуредување на камените коцки низ улиците во стариот дел на градот и изградбата на потпорните ѕидови, со што значајно се подобри изгледот на просторот и безбедноста за граѓаните.

Со цел да ја заживееме детската дружба, а воедно и да придонесеме на подобри услови за спорт и рекреацијата успешно релизираме проект за изградба на детски и повеќе-наменски игралишта на цела територија на Општина Охрид. Во изминативе две години изградивме 18 детски и спортски повеќе-наменски игралишта.

- Во населбите „Далјан“, „Рача“, „Гоце Делчев“ и „Лагадин“
- На улиците „Крали Марко“, „Јане Сандански“, „Даме Груев“, „Карпош Војвода“
- Во селата Пештани, Подмоље, Долно, Елашни, Горно Лакочереј и Косел,
- Во ООУ „Живко Чинго“ во Велгошти, во ООУ „Свети Климент Охридски“, ООУ „Братство“-Лескајца, во ООУ „Христо Узунов“


Улица „7-ми Ноември“


Улица „7-ми Ноември“


Улица „Сатеска“


Улица „Прилепска“




Улица „Јордан Мијалков“


Улица „Јордан Мијалков“


Улица „Марко Цепенков“


Улица „Марко Цепенков“



Улица „Ирина Мирка Гинова“


Улица „Ирина Мирка Гинова“



Улица „Будва“



Улица „Сатеска“




Партерно уредување во Стар град


Краци од улица „Даме Груев“


Улица „Македонски Просветители“


Партерно уредување во Стар град

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА



На дело покажавме вистинска грижа за учениците, бидејќи реализиравме низа проекти за подобрување на условите во сите основни и средни училишта во градот. Извршивме комплетна реконструкција на тоалети, беа поставени нови подови, нова електрична инсталација, беше извршена набавка на нова опрема за училниците и нови компјутери.

Особено сме задоволни од проектите за реконструкција, со кои средното економско училиште доби комлетно нов лик, а се радуваме и на големиот број на инвестиции, со кои охридската гимназија ќе го добие изгледот кој го заслужува. Исто така, продолживме со вложување во електромашинскиот училишен центар, кој прерасна во вистински пример за современо стручно училиште.

Значителни средства од буџетот издвоивме и за поддршка на учениците. Тука би ги издвоиле стипендиите за ученици и студенти и за лица со ретки болести, проектот „Нашите првачиња“, како и наградите за талентирани ученици, ментори и за првенец на генерација, кои ги воведовме за прв пат.




# ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

## ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“

- Комплетна реконструкција на тоалети во централна зграда.
- Вкупната вредност е 1.387.382 денари.
- Корекции на основниот проект за изградба на ново училиште по што ќе биде издадено одобрение за градба

## ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ – с.ЛЕСКОЕЦ

- Изградена е училница за учениците од прво до петто одделение.
- Вкупната вредност е 921.958 денари.
- Во тек е постапка за изведување на едно покриено спортско игралиште за повеќе спортски активности.

## ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ – ОХРИД

- Извршена е санација на холот во подрачниот објект во населба Рача.
- Набавен е видеоназор за централната зграда
- Набавени се магнетни табли
- Постапката за донесување на детален урбанистички план за изградба на новото училиште е во фаза на нацт план. Се очекуваат мислења од соодветните институции.

## ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

- Набавени се компјутери за потребите на наставата по информатика во
- вкупна вредност од околу 195.000 денари.
- Извршено е комплетно молерисување на училиштето во вредност од околу 250.000 денари.



















# ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

## ООУ „Св.НАУМ ОХРИДСКИ“ – с.Пештани

- Извршена е санација на подрачниот објект во село Трпејца во вредност од 140.682 денари.
- Изработен е проектот и издадено е одобрение за реконструкција на фасадата во централниот објект во село Пештани. Градежните работи се завршени од страна на МОН.

## ООУ „ЖИВКО ЧИНГО“ – с.ВЕЛГОШТИ

- Извршена е реконструкција на влезот во училиштето во износ од 195.932 денари.

## ООУ „ХРИСТО УЗУНОВ“

- Набавени се на клупи и столчиња во износ од 1.652.100 денари.

## ООУ „КОЧО РАЦИН“

- Комплетно се уредени тоалетите и влезот во подрачниот објект во село Долно Лакочереј во вредност од 300.000 денари.
- Завршена е комплетната постапка и издадено е правосилно одобрение на проект за реконструкција и адаптација на еден блок од старата касарна каде треба да се премести централното училиште.

# ПРОЕКТИ СВЕТСКА БАНКА

Во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) со која се предвидува комплетна реконструкција на три основни училишта во општина Охрид: ООУ„Христо Узунов“, ООУ„ Св. Климент Охридски„, ООУ „Братство и единство„ Лескајца. Потпишан е договорот помеѓу Светска банка и општина Охрид, следува фазата на проектирање.



# СРЕДНИ УЧИЛИШТА

## СОСУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

- Завршено е партерно уредување на дворот во износ од 2.808.400 денари;
- Се поставува нова електрична инсталација, се врши санација на sидови и изградба на соблекувални за спортската сала, во вкупна вредност на од 14.000.000 денари;
- Набавен е нов систем за греење (со топлотни пумпи) во училиштето. Во вредност од околу 11.500.000 денари;
- Заврши поставувањето на фотонапонската централа на кровот со моќност од 22 kW и ќе биде надополнување на новиот систем на греење
- Комплетно се реконструирани подовите во училиштето во вредност од 6.600.000 денари.

## ОЕМУЦ „Св. НАУМ ОХРИДСКИ“

- Набавени се училишен мебел (клупи и столчиња) во вкупна вредност од 2.900.000 денари.
- Набавени се компјутери во вкупен износ од 570.177 денари.
- Набавени се смарт табли во вкупен износ од 1.200.000 денари. Дополнително објавен е тендер за набавка на преостанатите потребни смарт табли за училиштето со проценета вредност од 600.000 денари.
- Објавен е тендер за избор на економски оператор за набавка на ролетни за прозорите на училиштето во вкупна проценета вредност од 1.000.000 денари.



## ОСУ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

- Изработен е проект за реконструкција на кров, подови, sидови и столарија Проектот ќе биде аплициран до Министерството за транспорт и врски за добивање на одобрение за градба;
- Завршено е поставувањето на нова ограда во вредностод 4.999.138 денари
- Започнати се активности за партерно и хортикултурно уредување на дворот. Во вкупна вресност од 14.350.000 денари;
- Изработен е проект и објавен е тендер за избор на економски оператор за промена на дел електричната инсталација.
- Извршена е санација на училишни тоалети и дел од внатрешни sидови со вкупна вредност на инвестиција околу 2.300.000 денари
- Набавени се училишен мебел, клупи и столчиња во вредност од околу 2.000.000 денари.
- Постевен е систем за громобранска заштита во вкупна вредност околу 250.000 денари,
- Поставена е атмосферска канализација околу објектот на гиманзијата и спортската сала, заедно со нова водоводна и хидрантска мрежа и нов приклучок за вода за Гимназијата. Вкупната вредност на проектот е 5.500.000 денари,
- Создадени се услови и префрлена е спортската академија во рамки на ова училиште;



# ПОДДРШКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ



## ПРОЕКТ „НАШИТЕ ПРВАЧИЊА“

На 467 родители на првачиња исплатени вкупно 1.401.000 денари

## СТИПЕНДИИ

- 177 стипендии за ученици од основно образование во вкупен износ од 3.186.000 денари.
- 112 стипендии за ученици од средно образование со вкупен износ од 2.016.000 денари
- 29 стипендии за студенти во износ од 837.000 денари,
- 44 стипендии за лица со посебни потреби и ретки болести  во износ од 828.000 денари.
- Образовен додаток за 38 студенти од семејства со социјален ризик во вкупен изност од 6.867.000 денари.

## ВОВЕДЕНИ НАГРАДИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И НИВНИТЕ МЕНТОРИ И НАГРАДА ЗА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА

- 43 ученици од основното образование добија награди во вкупен износ од 624.000 денари
- 22 ученици ид средно образование добија награди во вкупен износ од 290.000 денари
- 9 ученици добија награди за првенец на генерацијата во вкупен износ од 90.000 денари

# МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Младите луѓе се носители на идеи и иновации. Затоа, инвестирањето во нивното развивање и поддршката на нивните потреби е суштинско за обезбедување на посилна и одржлива локална заедница.

Особено сме горди на воспоставувањето и официјалното отворање на Младинскиот центар, кој е навистина прекрасна во место со голема позитивна енергија, кое допрва ќе даде голем придонес во креирање и имплементирање на младинските политики во Охрид.

Покрај отварањето на младинскиот центар и неговата континуирана поддршка, за остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на Општина Охрид, функционираат и Локален совет на млади и Локално младинско собрание, а изготвена е и Локална Стратегија за млади и затоа сме посочени како позитивен пример во нашата држава во делот на соработката со младите.



# СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

**Посветени сме и на низа проекти за социјална и детска заштита. Континуирано ги подобруваме условите за згрижување на дечињата во сите објекти од градинката, а значителе износ на средства се инвестирани за реконструкција на главната кујна во централниот објект, каде се подготвуваат дневните оброци. Исто така даваме несебична поддшка и помош на најранливите категории на граѓани и тоа ќе го правиме и во иднина.**



## ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА„ ОХРИД

- Во објект Лихнида извршена е промена на дограмата во холовите и економскиот дел во вредност од 451.704денари;
- Во објект „Билјана“ извршена е промена на подовите во вредност од 469.179 денари.
- Реконструкција на кујната во објект во објект „Централна“ во вкупна вредност од 1.800.000 денари и набавен е аспиратор и систем за вентилација во вкупна вредност од 1.400.000 денари и Набавени се дел кујнска опрема и клима уреди согласно потребите на градинката вкупна вредност 680.000 денари;
- Реконструирана детската градинка во рамки на ОУ„Живко Чинго“ во село Велгошти
- Реконструиран подот во детската градинка во рамки на ОУ„Ванчо Николески“ во село Лескоец




- Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта. Проектот заврши и е успешно реализиран.
- Субвенционирање на трошоци за комунални услуги во вредност од 2.438.200 денари.
- Поддржани 11 проектни идеи со Јавниот повик за финансирање во вкупен износ од 1.982.200 денари.
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Зраци“, се овозможува хонорарно ангажирање на две лица и тековни трошоци;
- Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Св Ѓорѓија“, се овозможува покривање на тековни трошоци;
- Проект „Ги запознаваме ретките болести“ поддршка за подигнување на јавната свест за постоењето на ретките болести преку кампања;
- Здружение на слепи лица - „Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата“ финансирање на превоз на учесниците на активностите;
- Здружение на Глуви и Наглуви лица – Активности на Здружението, транспортни трошоци и други услуги;
- Општинска организација на Црвен крст- „И менталното здравје е важно!„
- СОС Балканмедиа – Охрид, лицата со посебни потреби да се запознаат со медиумите и работата со медиуми преку обука за работа граѓани од областа на социјалната заштита;
- В.О.П.С. Поддршка Охрид, активности, помош, поддршка за децата со церебрална парализа и други психомоторни нарушувања;
- ЗГ „Инклузија„ (заедно со ТВМ Охрид) „Информација за секого без предрасуди„ -Вести за глуви и наглуви лица
- ЗГ „Тајните на моето срце„ Охрид „Социјализација и инклузија на деца со ПОП;
- Владо Горичан дипл. Физио и ерготерапевт, набавка на специјални тренинг комбинизони (Eurosuit)
- Финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој во износ од 432.000 денари.
- Еднократна финансиска поддршка за „згрижувачки семејства„
- Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е прималел на стипендија или друга помош од општина Охрид



# СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ



Создавање услови за спортување на сите генерации, за правилен развој на младите, преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалските игралишта, организирање и поддршка на различни спортски настани и активности и поддршка на талентирани спортисти, е трајна определба на Општина Охрид во сферата на спортот.
Во изминатите две години поддржавме 38 спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации и спортисти индивидуалци.

Од 19 -27 август оваа година, за прв се одржа Фестивалот на водени спортови-OHRID WATER FESTIVAl, со што Охрид и Македонија конечно добија модерен и стратегиски проект, поврзан со нашето најзначајно обележје – Охридското Езеро, кој ги обединува и промовира сите водени спортови. Потенцијалот на фестивалот е огромен и убедени сме дека во иднина манифестацијата ќе се издигне на ниво на светски најпосетуваните и најбараните спортско-туристички дестинации наменети за љубителите на водата, водените спортови и добрата забава.

*Ohrid Water Festival*










SWIMMING MARATHON
EVN




НАЈДОБРИТЕ


MAGNA
ДЕТСКА
ТРКА



# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Охридскиот регион располага со непроценливи природни богатства, а нашата одговорност и обврска е да ги сочуваме за идните генерации. Затоа и во делот на заштита на животната средина бевме ангажирани за креирање на конкретни мерки и проекти кои ќе придонесат за почиста средина и зачувување на природните вредности.




- Изработен е Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје и целокупната документација е доставена до МЖСПП по што следува прогласување на овој локалитет за заштитено подрачје.
- Изработена е Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид(2023-2032)
- Се изработува зелен катастар - II -ра фаза
- Набавка и доделување на пластични садови од 120 л за селекција на отпад од домаќинствата во општина Охрид
- Реализирани проектите „Цветни балкони- цветен Охрид“, „Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад“, „Светскиот ден на животната средина“ и проектот Есенска рамноденица.





# КУЛТУРА

Дадовме голема поддршка и на културата, бевме покровители на многу културни настани, манифестации, фестивали и концерти, а дадовме и голема поддршка на издавачката дејност со која покажувме голема почит кон книжевноста и литературната дејност.

Посебно би сакале да ја издвоиме успешната организација на фестивалот „Вино фест" кој веќе две години дава нов и позитивен импулс во културно-забавната понуда на нашиот град на почетокот на туристичката сезона.

Организацијата на оваа манифестација покажа дека Охрид има капацитет да креира интересни содржини кои се привлечни за граѓаните и туристите.



МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА:

- Како резултат на меѓународната културна соработка помеѓу Општина Охрид и Амбасадата на Шпанија во Република Македонија во Охрид на 20.12.2022 година во изложбениот салон во НУЦК Ггригор Прличев се одржа изложба од македонскиот уметник Филип Фидановски по повод 140 годишнината од раѓањето на познатиот светски уметник Пабло Пикасо.
- Три вечери по ред со почеток во 19.00 часот беа прикажани серија од познати шпански филмови на македонски јазик. На настаните присуствуваше Н. Е Хосе Луис Лосано Гарсија, Амбасадор на Шапанија во Република Македонија. Вкупен износ на реализација на проектот 90.000 денари
- Проектот „Мала ноќна музика" чиј носител беше збратимениот град Крагујевац од Србија. Вкупен износ на реализација на проектот: 15.000 денари.



# МАНИФЕСТАЦИИ И ФЕСТИВАЛИ:

- Чествувања за Патронот и Заштитник Св.Климент Охридски- 200.000
- „Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање".
- "Василичарски карневал".
- "Богојавление – Водици";
- "Прличеви беседи".
- Ифтарска вечер.
- Велигденски базар
- Фолклорен фестивал „ Велигденски фестивалски денови".
- 24-то издание на традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.
- Традиционалниот меѓународен фестивал „Охридски бисери".
- Концерт „Уметниците во чест на светите браќа" и изложбата на фотографии „Охрид во духот на средниот век" од Славчо Малезанов.
- Второто издание на Етно фестивалот во Охрид.
- Проектот Заборавениот звук во чест на Климе Садило.
- Со почетокот на летото и летната сезона во Охрид започна и второто издание на винскиот фестивал „Ohrid wine festival".
- Фестивал Охридско лето.
- 62-то издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри.
- Шесто издание на Фестивалот на нов европски филм Beach film festival
- Дванаесетото издание на културно – забавната манифестација "На зајдисонце во Трпејца"
- Културно лето во Пештани
- "Вечер на Живко Чинго",
- 56-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик,
- 35-то Јубилејно издание на културната манифестација" Поетска ноќ во Велестово".
- Четиринаесетото издание на Охридскиот хорски фестивал на кој зедоја учество на над 20 хорови од Македонија и регионот.
- Балканско – детски поетски камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески" .
- Традиционален осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Билјана" насловен како Една песна – една приказна.
- 35-то издание на културната манифестација "Охридски староградски средби".
- Започна првото издание на Охридскиот џез фестивал.
- Второ издание на Меѓународната уметничка колонија "Трпејца 2023" г.
- Театарската престава за деца Во домот на Волшебникот.
- Во Куќата на Уранија со поддршка на општина Охрид беше отворена изложбата на стари фотографии на Јонче Поп Стефанија.

Вкупен износ на поддршка на манифестации и фестивали во сите сегменти и дејностии на културата: 5.220.000 денари.



# ГОДИШНИНИ И ЈУБИЛЕЈИ:

- Одбележана е 115 годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.
- 
- Годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.
- 
- Годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски
- Годишнина од смртта на војводата, учителот и револуционерот Христо Узунов.
- ООУ „Христо Узунов" .
- Со пригодна културно – уметнчка програма, полагање свежо цвеќе и доделување награди на учениците кои освоиле први места на регионални, државни и меѓународни натпревари беше одбележан 24-ти мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј.
- Одбележан 2-ти Август – Денот на Републиката.
- Одбележан Меѓународниот ден на мирот.
- Одбележана  годишнината од потонувањето  на бродот Илинден.
- Одбележан јубилејот 110 години од Охридското востание.
- Со свечена програма дбележан 7 Ноември – Денот на ослободувањето на Охрид.
- Во НУ Библиотека „Григор Прличев", во организација на здружението на граѓани „Креативна верига" , а со поддршна на Општина Охрид, за прв пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски, на денот на неговиот роденден, Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.

# ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

- Промовирана книгата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика" од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид.
- Промовирана збирката поезија „Тие доаѓаат" создадена од учениците од основните и средните училишта во Охрид.
- Промоција на книгата „Пловните објекти и веслањето низ историјата на Охридското Езеро и пошироко во Македонија" од Здравко Тупаре. Книгата беше издадена со финансиска поддршка на Општина Охрид.
- Промовирана книгата „Охридскиот XIX век" од авторите проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид.
- Промовирана книгата „Отворено за македонистиката" од проф.д-р Димитар Пандев и Свето Стаменов. Промотор на книгата беше доц.д-р Бобан Карапејовски. Промоцијата нак нигата беше во рамките на Програмата на општина Охрид  за одбележување на  јубилејот: 130 години од формирањето на македонската револуционерна организација.

Вкупно финансиски средства  во делот на издавачката дејност 570.000 денари





# СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

- Санација на споменикот на писателот А Ден Долард во холандскиот парк што се наоѓа на кеј Македонија на брегот на Охридското Езеро. Износ 27.565,оо денари
- Санација и целосна реконструкција на  вечното почивалиште на д-р Елена и Владимир Каваеви. Износ: 13.452,оо денари
- Санација  и уредување на спомениччните обележја  на Григор Прличев : ООУ Григор Прличев, Спомен- куќа на Прличев, спомен-биста на Григор Прличев, гроб на Григор и Кирил Прчилеви. Износ 16.992,оо денари

Вкупен износ за санација и уредување на спомен-обележја и споменични целини: 58.000 денари

- Поддршка на проекти и програмски активности на Здруженија на граѓани и слободни уметници:
- Традиционалниот концерт организиран од Здружението на граѓани Пирамида – ЗЕМ, под мотото: „Музиката на еѓипќаните".
- Уметничкиот перформанс „Вентолин овие 2 дена"  од охридскиот музичкиот уметник Никола Ристески;
-  Изложба на охридска сликарка Емилија Карадакоска во предворјето на црквата Света Софија по повод 120 години од илинденското востание.
- Петта јубилејна интернационална академија на кларинетисти организирана од охридскиот академски сликар Петар Танески.
- Поддршка на Марина Димовска за печатењето и издавањето на книгата: збирката поезија „Моето место"
- Уметниците во чест на Свети Кирил и Методиј
- Поддршка на Митко Колушевски во издавањето на неговата книга „Стариот зимбил на дедо Бибмил";
- Поддршка на традиционалниот карневал по повод верскиот празник Прочка, „Емшири" 2023 година.
- Поддршка на изложбата под наслов: „Помеѓу темните линии" во Грац, Австија од охридскиот академски сликар Сашо Блажевски
- Поддршка на  младата охридска писателка Евгенија Веровска во печатењето и издавањето на книгата: „Феникс во бурата".
- Поддршка на проекти и програмски активности на фолклорните ансамбли и културно – уметнички друштва

Вкупен износ во делот на проекти и програмски активности на Здруженија на граѓани и слободни уметници 950.000 денари










ОПШТИНА
ОХРИД








Велигденски Базар



# ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



Изминатите две години Охрид ја потврди својата позиција како една од најпривлечните дестинации во регионот и оствари исклучително успешни туристички сезони. Зголемениот број на туристи не само што придонесе за економскиот развој на градот туку и создаде повеќе можност за креирање на нови содржини кои се интересни за посетителите.

Локалниот економски развој е клучен за подобрување на квалитетот на живот и затоа имаме континуирана соработка со бизнис секторот. Можеме да се пофалиме дека благодарение на локалната самоуправа, во Охрид инвестираа и започнаа со работа две странски фирми кои имаат повеќе од 100 вработени.

СУБВЕНЦИОНИОРАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ

Секторот за ТЛЕР редовно реализира мерки за субвенционирање на одредена категорија занаетчии.
Во 2022 г субвенционирани беа 14 занаетчии, а во 2023г. 13 занаетчии.
Вкупната вредност на проектот е 500.000 ден.



# АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД НА ОПШТИНА ОХРИД

Со оваа активност се одржаа серија стручни обуки  кои се реализираа во соработка  со ОЈУ ОГС „Кузман Шапкарев“ со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените  и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Во 2022  и 2023 година  беа одржани курсеви по германски  и англиски јазик ,  сметководство и за водоинсталатери.  За оваа намена се  реализирани 860.000 ден.

Согласно правилникот за стандардизација и визуелна  унификација на локациите опфатени со Анализата на визуелнолто оптеретување на градот Охрид, изработени и монтирани  се рекламни табли  за огласување на просторниот опфат кај:

- - Плоштадот пред црквата Св. Софија
- -ул. „Коста Абраш до плоштадот Св. Климент Охридски
- -ул. „Цар Самоил“ до плоштадот Св. Климент Охридски.
- Во 2022 година Општината субвенционира набавка на велосипеди за  77 лица жители на Охрид со вкупен буџет од 380. 551 ден.
- Имплементација на проектот „ Roads not taken: municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative којшто е во рамки на програмата „ EU for Municipalities“ со вкупна вредност од 716. 724,88 евра
- Имплементација на проектот „Развој на спортски туризам- изградба на вежбалиште за голф“- Проектот е реализиран со средства од Министерството за локална самоуправа.
- Во текот на 2021г. започна имплементацијата на проектот  „ Ohrid go“ , вредноста на проектот е 716.766 ден
- Се воспостави туристички информативен центар-
- Ажурирање на туристички промотивен материјал за градот Охкрид
- Изградба на вежбалиште за голф и набавка  на опрема.
- Во периодот  од ноември 2022 до ноември 2023  преку мкро проекти реализирани се:
- Изработка на стасиди во длабока резба  во црквата Св. Георгиј во вредност  од 120.000 ден.  Носител на проектот е Здружението Добротољубие 2014 при црквата Св. Георги- Охрид
- Реконструкција на спортското игралиште во с. Лескоец. Вредноста на проектот е 106.500 ден, а носител е Здружението Спасовден 2012.
- „Инфраструктурно доуредување за подобрување на животниот стандард и намалување на опасноста при движење на жителите и посетителите на населба Рача„. Вредноста на проектот е Еколошко друштво „Грашница“, а вредноста е 46. 500 ден.
- „Визуелно креативен град“. Носител на   проектот е Институт за традиционални вредности- Здружение за култура и соживот со природата, а  неговата вредност е во износ од   59.500 ден.

# СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ МИКРОПОРОЕКТИ 2022 ГОДИНА

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР

- Здружение „Добротољубие 2014“ при црквата Св. Георги – Охрид.
- Изработка на влезна врата во црквата Успение на Пресвета Богородица- Каменско во износ од 100.000 ден.
- Здружение на граѓани „Нова порта“- Охрид. Изработка1 на Е брошура „Прекрасни, но помалку познати цркви во Охрид“ во износ од 30.000 ден.
- Здружение за подобрување на квалитетот на живот МЗ Коњско- с. Коњско – „Потребни материјали за водовод во с. Горно Коњско“. Износ 115. 000 ден.
- Здружение за промоција на хуманитарни, културни, образовни и еколошки вредности Синан Челеби Охрид- „Минатото е богатство на еден народ“. Износ на проектот 106.700 ден. Вкупната вредност на четирите проектите е 351.000 ден.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ

- Здружение Св. Василиј- село Куратица – ревитализација и обележување на пешачки патеки, заштита на постоечката инфраструктура и вмрежување на локалните целни групи преку креирање на нови туристички производи и услуги- износ 148.210 ден.
- Здружение за заштита и одржлив развој на животната средина Регионален зелен центар Охрид- Виртуелна реконструкција и изработка на макета на римската гробница од „Видобишта“ во Охрид во износ од 112.000 денари.
- Нуркачки центар „Амфора“- Подводни културно- историски знаменитости во Охридското Езеро во износ од 93.790. ден..
- 4. Институт за традиционални вредности- Здружение за култура и соживот со природата- Охрид – „Визуелно Креативен град“ во износ од 81. 500 ден
- Вредноста на овие 4-ри проекти е 435.500 ден.



# СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ МИКРОПОРОЕКТИ 2023 ГОДИНА

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР

- Културно уметничко друштво: КУД Фаланга село Лескоец- Охрид, „Вечер на јаготка“.
- Вредност на проектот 63.760 ден.
- Здружение Добротољубие 2014 при црквата Свети Георги- Охрид- „Изработка на стасиди во длабока резба„- 120.000 ден.
- Нуркачки Центар Амфора - „ Флората во изворите Св. Наум – 60.000 ден.
- Здружение за истражување и заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО- Охрид,
- „Прелиминарка карстолошка евалуација на пештера Козја дупка“- с. Куратица во вредност од 98.580 ден.
- здужение АВТО Мото КЛУБ ОФФ РОУД ЛИХНИД Охрид- „Промоција на туризам во Охрид Атрактивни ОФФ роуд тури низ терените на планината Галичица“- 66. 000 ден.
- ЕДЕН- Туристички кластер на југозападен плански регион- „Вкуси го Охрид локално. 90. 890 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација 499.230 ден.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ

- Здружение за организација на фестивали, културни, спортски и хумани и хуманитарни активности СПАСОВДЕН 2012- с. Лескоец. Проект „Реконструкција на спортско игралиште во село Лескоец“ во износ од 106.700 ден
- Здружение за рурален туризам екологија и традиција ОРТЕТ село Куратица, Проект „Набавка и монтажа на водомери за селски домаќинства“ во вредност од 125. 970 ден.
- Здружение на граѓани Св. Василиј во с. Куратица- Проект „Уредување на јавните селски тоалети“ во износ од 100.800 ден.
- Здружение за развој и унапредување на културата, екологијата и туризмот „Нова порта“. Проект „Охрид низ легендите“ во износ од 10. 700 ден.
- Институт за традиционални вредности- здрујќение за култура и соживот со природата. Проект „Визуелно креативен град 2“ во износ од 59. 500 ден.
- Еколошко друштво „Грашница“. Проект „Инфраструктурно доуредување за подобрување на животниот стандарс и намалување на опасноста при движење на жителите и посетителите на населба Рача“ во износ од 46.500 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација 450. 170 ден.
- Вкупно одобрени и во фаза на реализација за 2022 година се 949.400 денари.


















Taste life!

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Бевме посветни на осовременување на работењето на јавните претпријатија и подобрување на услугите кои се обезбедуваат за граѓаните, па затоа набавивме 5 нови комунални возила со специјална опрема наменета за јавните претпријатија „Охридски Комуналец“, „Водовод“ и „Нискоградба“. Искрено се радувам што сите јавни претпријатија работат успешно и се посветени на приоритетните потреби на граѓаните. Верувам дека заедно со менаџерските тимови на претпријатијата, со кои имаме одлична соработка ќе оствариме уште поголеми успеси во иднина.



- Преку проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема“ што Општина Охрид го реализира во партнерство со Центарот за развој на Југозападниот плански регион набавени се најсовремени трактори , за потребите на ЈП „Охридски Комуналец“, ЈП „Нискоградба“ и ЈП „Водовод“. Вредноста на проектот е 7.487.238 ден.
- Преку GGP Програмата на Амбасадата на Јапонија со предлог проектот „Проект за обезбедување на Општина Охрид со комунално возило ( The project for Providing Sewage Cleaning Vehicle in Municipality of Ohrid) набавено е комбе марка Фургон со агрегати за чистење на канализација во товарен простор. Возилото го користи ЈП „Нискоградба“. Вредноста на возилото е 60.640 евра без ДДВ, средства обезбедени од Јапонска амбасада.





# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

Во изминативе две години ЈП „Охридски комуналец“ посветено работи на јавната чистота во градот со одговорно и домаќинско работење.
Во овој период за прв пат се воведе дежурен телефон од 07: 00 до 21 часот за пријавување несоодветно депониран отпад и создавање мини депонии.
Започната е соработка со невладини организации и еколошки организации.
Се потпиша Меморандум за соработка со националниот парк „Галичица“.
Набавен е нов контејнер за цела Галичка општина од с. Рамне до с. Љубаништа со капацитет од 8 кубици ѓубре. Расчистен е одводен канал во с. Велгошти. Подигнат е над 7 843 метри кубни кабаст отпад или 845 мали депонии и 36 големи депонии.
Воведена е 24 часовна чуварска служба на депонијата Буково.
Набавени се 200 нови пластични контејнери од 1 100 литри со рамен капак. Поставени се 10 контејнери за електричен и електронски отпад и отпадни батерии на територијата на Општина Охрид.

Претпријатието во изминатиов период донираше 226 кубици огревно дрво на 77 семејства, дониран е цветен расад, а градот се разубави со 80.000 садници сезонско цвеќе. Само изминатово лето се посадени 2 300 садници, 4 000 цвеќа и 96 украсни дрвја. Во дворот на општината се засадени 200 хризантеми.

Претпријатието успешно го решава проблемот со кучињата скитници со ангажирање на економскиот оператор. Работната Единица Механизација при ЈП „Охридски Комуналец“ е осветлена со 10 рефлектори, а поставени се 16 камери. Во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на на опрема“, претпријатието се стекна со нова опрема за чистење снег.
Обезбедена е HTZ опрема за сите вработени , намалена е потрошувачката за гориво, енормно се намали набавката за резервни делови за механизација, а трошковите за репрезентација се сведени на минимум. Поставена е и нова водоводна мрежа од просторот на дирекцијата на ЈП „Охридски Комуналец“.

## ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“

ЈП „Градски гробишта„ изминативе две години беше вклучено во реализацијана низа инфраструктурни проекти во Охрид и охридските села. Во вој период екипи од претпријатието работеле на партерно уредување на 30 улици со вкупна вредност од 4.938.469. ден.
Уредени се шест спортски и детски игралишта во градов и околината . Се работеше на партерно уредување на дворовите од три охридски училишта.
Со бехатон плочки се преуреди Плоштадот „Крушевска Република“, а санирани се и клупи, канти за отпадоци и друга урбана опрема на територијата на Општина Охрид. Уредено е и споме обележјето на холандскиот писател А. Ден Долард. Вредноста на овие проекти е: 1,749.072 денари.
Периодов се реконструирани и потпорни ѕидови, оштетени делови од кејот во с. Пештани, поставени се бетонски столбчиња на неколку локации во градов, а уредено е и вечното почивалиште на д-р Елена и Владимир Каваj. Вредноста на проектите е 14, 107. 513 ден.

## ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“

Екипи на ЈП „Градски пазар“ во двегодишниот период беа ангажирани во низа градежни активности: Санирање на повеќенаменски и спортски игралишта во с. Елшани, с. Долно Коњско, во населба Лескајца, во ОУ „Христо Узунов“. Извршени се столарски, браварски и други услуги на територијата на општина Охрид, Санација на мостови на ул. „15-ти Корпус“ во с. Горно Лакочереј, с. Велгошти, с. Скребатно, с. Лескоец како и на пресекот на ул. „Радојца Новичиќ“ и ул. „Прилепска“. На неколку локации во градов се санирани метални заштитни огради, фарбање урбана опрема на територијата на Охрид, поставување и фарбање на дрвени даски за трибински простор во с. Велгошти.
Санација на метални заштитници на кружни крстосници на територијата на градот. Вадење заштитници на дрворед, санација, фарбање и поставување на заштитници на дрвја на дрворед на ул. „Партизанска“. Поставување механички препреки на сообраќајници
Во поглед на обврските кон добавувачите ЈП „Градски пазар“ редовно ги сервисира . Исплатени се паушалите за НО и SO од минатиот состав . Доспеани обврски по различни основи. Исплатени добавувачи со доспеани обврски.

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП “БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ”

ЈП „Билјанини извори“ во изминативе две години реализираше низа спортско рекреативни активности на своите терени.
Претпријатието беше домаќин на отворените спортски терени - стадионот со природна трева и стадионот со вештачка трева, како и на зимски припреми во фудбал. Во текот на овој период стандардно се одржуваа тренинзи и натпревари на охридските и останати клубови и школи од државава.
Во месец јуни годинава се одржа Државното првенство во атлетика и Фудбалските турнири на Некст Левел, Копенхаген и Фер Плеј, а се одржаа и фудбалски припреми на екипите на Шкупи и ФК „Балкан“ и на пријателски натпревари организирани од страна на ФФМ.
Меѓу останатите настани беа: 7-мо Ноемвриски хуманитарен турнир во мал фудбал, Државен Камп за Фудбалски голмани од Македонија, државно првенство за пензионери, Хет – Трик – Скопје – Фудбалски камп, Атлетика – АК Панчево – Србија – припреми, Фер Плеј – Меѓународен Фудбалски Турнир, Квалификации за Лига Шампиони, Трим Лум -Жалгирис, Лига Конференции, Трим Лум-Будучност, Лига Конференции, Трим Лум-Бреидамбрик Исланд, Организација на 3 концерти, Охридски Фудбалски надежи 2023 – Турнир за Општинските школи, организиран од Сојуз за Училишен Спорт – Охрид. Низа спортски активности на терените од претпријатието се одржуваа и во текот на 2022 година.
Во затворените спортски објекти редовно се одржуваа спортски натпревари и подготовки на клубови од градов и државава. Меѓу поголемите се:Охрид Опен – Теквондо , Семинар за ракометни тренери – организиран од страна на РФМ, Карате Турнир- Чоле, Олимписко теквондо – меѓународен турнир – Охрид опен и Ф4 Куп на Македонија – Ракомет, меѓународниот турнир во кошарка „ 20 Години Колибри “, организиран од страна на клубот КК Колибри – Охрид, Карате турнирот организиран од страна на КК КУН –СУ – ТО и Ракометниот турнир „Петка за ракомет “, организиран од страна на РШ „Седмерец“. Меѓународен кошаркарски камп – ЕВЕ Баксет Олденбург – Германија, Меѓународен кошаркарски Турнир КК Колибри – Охрид ( екипи од Србија, Албанија, Германија и Македонија), Охрид Опен – Меѓународно првенство –олимписко таеквондо.
На градскиот базен “Атина Бојаџи” се одржа третиот меѓународен пливачки митинг “Охрид Опен” 2023. ОВФ Пливачки митин.
Периодов претпријатието реализираше и инфраструктурни проекти. Инсталиран е сопствен систем за водоснабдување кој ќе генерира заштеди за ЈП “Билјанини Извор” на годишно ниво во вкупна вредност од 3 милиони денари. Исто така беа реновирани Соблекувалните и тоалети во спортската сала “Билјанини Извори”.

## ЈП ВОДОВОД - ОХРИД

ЈП „Водовод Охрид“ во последнава година изведе вкупно 3 274 метри нови водоводни линии со вредност од 13 072 532 ден.

Во оваа година реконструирани се, заменети се стари со нови водоводни линии или изведени нови во должина од 2.731м во вредност 17. 216 761ден.
Меѓу поважните улици на кои се реализирала реконструкцијата на водоводните линии се:
*„Македонски просветители“, „Илинденска“, Ѓорче Петров“, „Пирин Планина“, „Браќа Миладиновци“, „Македонски Просветители“ на потегот од Охридска Банка,Пожарна, ул. „Абаз Емин“ и Охридска Банка –Пожарна, „Рашанец“, булевар „Туристичка“, во ОСУ „Св. Климент Охридски“, кај Касарната. Нова водоводна линија е изведена на ул. „Ирина Мирка – Гинова“.*

Во текот на последнава година изведени се нови или реконструирани стари водоводни линии со вкупна должина од 6 100 метри со вкупен износ од 30.289 295 денари, а во периодот ноември 2021/22 за водоводни линии се реализирани 4. 228324 денари или вкупниот износ вложени инвестиции за овие две години е: 34.517 619 ден.

Реализирани се 36 нови приклучоци на вода 277 нови водомери и дислокација на 8 водомери и водоводни линии.
За потребите на претпријатието преку

Центарот за развој на југозападниот плански регион и Општина Охрид е набавен камион- кипер марка ISUZU од бруто 7,5 тона со двојна кабина и со 7 седишта.

# ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## ЈП „НИСКОГРАДБА“

- ЈП „Нискоградба“ ја одржува канализационата мрежа во должина од 182.45 километри. За овој период извршени се повеќе 3 000 интервенции за отстранување на дефекти на канализационата мрежа. Извршена е контрола и чистење на целата должина од канализациониот систем и извршена е санација на околу 120 шахти на уличната канализациона мрежа и 50 сливници и шахти од атмосферската канализациона мрежа.
- Изведена е фекална канализација од околу 1 622 метри во износ од 7.175.948,00 денари.
- Изведба, нивелирање на шахти и промена на капаци на шахти по улици низ Општина Охрид во износ од 3. 353.352, 00 ден.
- Реконструкција на канализациона мрежа на територијата на Општина Охрид од Ф 160 до Ф300- 164 метри во износ од 502.972,00 денари.
- Изведена е атмосферска канализација. Вкупно се изведени 806 метри во износ од 3. 875.823,00 денари.
- Изведба на сливници ( сливни – шахти) по улици низ Општина Охрид.
- Во изминатиов период поставени се бехатон плочки на јавни површини од 1454,13м2 во износ од 2.763.736,00 денари, а тампониран е и локалниот пристапен пат Шипокно – Охрид во износ од 113. 280, 00 денари.










# ОПШТИНА ОХРИД

Единица на локална самоуправа

**Адреса:**
“Димитар Влахов” 57
6000 Охрид, Република Македонија
П.фах 125

**E-mail/Web:**
odnosisojavnost@ohrid.gov.mk
www.ohrid.gov.mk

**Телефон:**
(046) 262492 / (046) 262493
(046) 279520 / (046) 262469

Ноември 2023